**ПРЕХРАНБЕНА ИНДУСТРИЈА**

# ,, *КРИСТАЛ 1923* " АД

Велес

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО

НА ПИ КРИСТАЛ 1923 АД – ВЕЛЕС

ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2021 ГОДИНА

Март 2022

**СОДРЖИНА**

1. Општи податоци
2. Управување со финансиски ризик
3. Инвестиции
4. Финансисрање
5. Акционерски капитал
6. Зделки со заинтересирани страни
7. Надоместоци на раководството
8. Производство и продажба
9. Вкупен приход, утврдување и распоредување на добивката
10. Број на вработени
11. Развој
12. Изјава за примена на кодексот за корпоративно управување

# 1. Општи податоци

ПИ КРИСТАЛ 1923 АД – Велес од Велес е акционерско друштво, основано и со седиште во Република Северна Македонија. Адресата на друштвото е: ул.Алексо Демниевски-Бауман бр.18 Велес.

Основна дејност на друштвото е производство на масла и масти, но во својата производна програма друштвото има и производство на оцет, кондиторски производи и зачин, како и производство на ќоспе и масна кислеина како нус производи од процесот на преработка на сончогледот и рафинирањето на маслото за јадење.

Покрај основната дејност друштвото е регистрирано и како друштво за откуп на земјоделски производи, а пред се на сончоглед, маслодајна репка и соја за производство на масло за јадење, како и откуп на ореви и смокви за кондиторските производи.

Друштвото е организирано во 5 сектори и тоа:

-Сектор за комерцијални работи;

-Сектор за производство;

-Сектор за финансии и правни работи;

-Сектор за развој и контрола и

-Сектор за внатрешна ревизија.

Во друштвото постои едностепен систем на управување со орган на управување Одбор на директори во состав:

1. Горанчо Лазов – Извршен директор,
2. Румен Смилевски- Претседател на одбор на директори,
3. Софија Лазова – Неизвршен член на одбор на директори.

## 2. Управување со финансиски ризик

Видови финансиски ризик

Во своето работење друштвото е изложено на повеќе видови финансиски ризици како што се пазарен ризик (ризик од промена на пазарни вредности и цени, промена на девизни курсеви), кредитен ризик, ризик од неликвидност и каматен ризик.

Пристапот на друштвото во управувањето со финансиски ризици е насочено кон проценка на непредвидливоста на финансискиот пазар и настојување да изнајде начин за навремено минимизирање на потенцијалните негативни ефекти.

Управувањето со ризикот го врши извршниот директор, преку соодветните сектори, а врз основа на политиките одобрени од Одборот на директори.

Пазарен ризик

а) Ризик од промени на цени

Друштвото е изложено на промена на цените. Ова главно се однесува за набавката на суровините за производство на масло за јадење и маргарин: сончоглед, соја и сурово масло и масти како берзански производи, а со тоа и на промена на цената на готовите производи.

б) Ризик од промени на цени

Друштвото е вклучено во меѓубародни трансакции и е изложено на ризик од промена на девизните курсеви што во многу зависи од количината на откупената суровина од домашно потекло.

Кредитен ризик

Друштвото нема значајна концентрација на кредитен ризик. Воспоставените политики и процедури овозможуваат продажба на купувачи со соодветна кредитна историја, а управувањето со овој ризик, продажба и постојано намалување на побарувањата од купувачите поради промена на условите (авансно плаќање).

Каматен ризик

Друштвото е изложено на каматен ризик за долгорочните и краткорочните кредити. Друштвото нема посебна политика за намалување на каматниот ризик и истиот го регулира во директни преговори со банките. Каматните стапки се намалени и се движат од 3% до 4% годишно.

## 3. Инвестиции

Во 2021 година имаме вкупни инвестиции во износ од 23.418.578,00 денари од кои во набавка на нова опрема 11.076.839,00 денари, а во вложувања во постоечките основни средства-градежи и опрема 12.341.739,00 денари.

**<u>Инвестиции во РЕ ПРОИЗВОДСТВО НА МАСЛО</u>**

**<u>Одделение за амбалажирање масло и оцет (погон Точилна)</u>**

**1. Машина за фолирање на масло 1/1; 0.905/1 (термотунел)**
Инвестиција во вкупен износ: 1.438.086,00 денари.
Со оваа инвестиција всушност е извршена замена на стар термотунел со нов, со што е зголемен дневниот капацитет на амбалажирање на масло и се избегнати дефектите кои настануваа поради работата на постоечкиот термотунел. Со намалување на бројот на застоите се намалува и количината на растур на термофолија што се користи за фолирање, па се придонесува и за намалување на отпадот.

**2. Нов чилер за ладење на делови на машина за дување ПЕТ шише 1/1; 0.905/1**
Инвестиција во вкупен износ: 246.397,00 денари.
Со оваа инвестиција- набавка и монтажа на нов чилер е извршено подобрување на системот за ладење на машината за дување ПЕТ шише, со што се прави заштита од застои посебно во летниот период. Чилерот е монтиран на системот за ладење кој што се состои од два други чилери, со што едниот ќе се користи како резерва, доколку се јави проблем со ладењето при високи надворешни температури.

**3. Нови чепови за полначка за масло 1/1**
Инвестиција во вкупен износ: 362.700,00 денари.
Набавени се нови чепови - 40 на број за монтирање на машина за полнење масло 1/1. Оваа инвестиција е направена со цел замена на сите дотрајани чепови со нови, а се со цел подобар органолептички изглед на производот, намален растур и заштеда од истекување.

**4. Замена на резервни делови на машина за етикетирање масло**
Инвестиција во вкупен износ: 974.463,00 денари.
Со оваа инвестиција извршен е комплетен ремонт на машината за етикетирање масло со замена на резервни делови набавени од првобитниот добавувач на машината, со што се намалува растурот на етикети и евентуалните застои во погонот.

**<u>Одделение за рафинирање на масла (Погон-Рафинерија)</u>**

**1. Комплетно реновирање на просторија за правење р-р на каустична сода, казан за топла вода и дренажно казанче**
Инвестиција во вкупен износ: 1.096.205,00 денари.
Оваа инвестиција е направена со цел одржување на GMP+ стандардот. Со истата всушност е извршено реновирање на оваа просторија бидејќи истата имаше нарушен

естетски изглед (видно оштетен под и ѕид), како и замена на казани за подготовка на раствор со нови – INOX - ни материјали од нерѓосувачки челик.
Придобивките од оваа инвестиција се:
-Одржување на GMP+ стандард;
-Резервоар со поголем волумен со кој се намалува фреквенцијата за подготовка на р-рот од 1/24h на 1/48h и
-Заштита на вработените од изложеност на опасни материи;

**2. Реконструкција на постоечки кров-демонтажа и монтажа на кровна конструкција на погон за филтрирање на масло-Рафинерија**
Инвестиција во вкупен износ: 511.710,00 денари.
Со оваа инвестиција е извршена замена на постоечката кровна лимена конструкција со панели со цел заштита на погонот и подобра хигиена согласно временските услови, а пред се заштита на готовиот производ согласно HACCP системот.

**<u>Служба за заеднички потреби на производство (Погон Електро)</u>**

**1.Комплетен сервис на горна трафостаница**
Инвестиција во вкупен износ: 485.220,00 денари.
Со оваа инвестиција е всушност направен комплетен сервис на горната трафостаница, односно извршена е замена на делови потребни за беспрекорно функционирање на трафостаницата, а со тоа е дополнително заштитен дистрибутивниот систем за ел.енергија во раммките на друштвото.

**2. Изведба на Фотоволтаична централа**
Инвестиција во вкупен износ: 6.170.000,00 денари.
Со оваа инвестиција која се одвива етапно (сеуште е во тек, а плаќањето е авансно извршено согласно договор) се овозможува друштвото самостојно да произведува електрична енергија од обновливи извори на енергија, или поточно со искористување на сончевите зраци со оглед дека градот Велес и генерално нашата држава е поголем дел од годината со голем број на сончеви денови.
Ефектите од оваа инвестиција би биле повеќекратни, особено што сме сведоци на постојано зголемување на цената на чинење на електричната енергија-струјата.
Пред се се добива голема заштеда на годишно ниво, а дополнително производството на ел. енергија од ФВ модули(соларни ќелии) има позитивно влијание врз животната средина, со оглед дека нивната употреба индиректно ја намалува емисијата на стакленички гасови во атмосферата.

**<u>Служба за заеднички потреби на производство (Погон Енергетика)</u>**

**1.Замена на постоечки горилник на мазут со комбиниран горилник за работа на земен гас, мазут или гас/мазут на котел ДБК-100**
Инвестиција во вкупен износ: 1.318.194,00 денари.
Со оваа инвестиција се изврши замена на постоечкиот горилник со нов современ SAACKE горилник од германски производител кој е со висока ефикасност и усогласеност со високите стандарди за заштита на животната средина (квалитет на излезни гасови).

Со поставувањето на новиот горилник се обезбедува:

- Висока ефикасност и усогласеност со стандардите за заштита на животна средина;
- Поефикасно користење на ел.енергија и
- Намалување на потрошувачката на мазут.

**Инвестиции во РЕ ПРОИЗВОДСТВО НА МАРГАРИН (погон Маргаринско)**

**1. Замена на постоечки клипен компресор со нов завоен компресор за ладење**

Инвестиција во вкупен износ: 1.495.848,00 денари.

Со оваа инвестиција е всушност извршена набавка на компресорски агрегат во компресорска станица со цел замена на стар со нов таков агрегат поради застареност на системот (1975) и поради намалена можност за набавка на резервни делови.

Компресорот ќе се монтира во текот на 2022 година со замена на цевната инсталација.

**2. Набавка на дополнителна ладилна цевка за Водатор**

Инвестиција во вкупен износ: 484.840,00 денари.

Оваа инвестиција се однесува на опрема Водатор која е потребна заради подобра кристализација особено на индустрискиот маргарин, имено со оваа дополнителна - трета ладилна цевка ќе се подобри квалитетот на индустрискиот маргарин со дополнително ладење на истиот.

## 4. Финансирање

Во поглед на финансирањето ПИ КРИТАЛ 1923 АД – Велес во 2021 година обезбеди финансиски од следниве деловни банки и тоа: Стопанска банка АД Битола, Халк банка АД Скопје и Охридска банка АД Скопје со што годината ја заврши со 288.894.237,00 денари кредитни обврски од кои спрема:

-Стопанска банка АД Битола – 20.650.000,00 денари на име краткорочни кредитни обврски и 149.292.431,00 денари на име долгорочни кредитни обврски;

-Халк банка АД Скопје – 30.000.000,00 денари краткорочни и 84.915.731,00 денари долгорочни кредитни обврски и

-Охридска банка АД Скопје – 4.036.070,00 денари долгорочни кредитни обврски.

## 5. Акционерски капитал

Друштвото има издадено вкупно 516.000 акции од кои 408.712 како обични акции и 107.288 како приоритетни акции според акционерската книга која е издадена од ЦДХВ.

Акциите на друштвото котираат на официјалниот Пазар на Македонската берза за хартии од вредност почнувајќи од 2013 година.

Во 2021 година друштвото не исплати дивиденда од добивката од 2020 година поради тоа што со одлука на собрание на акционери истата беше распределена за инвестиции како реинвестирана добивка.

## 6. Зделки со заинтересирани страни

На Собарние на акционери одржано на ден 14.05.2021 година донесена е одлука со деловоден архивски број 02-196/1 за зделки со заинтересирани страни и тоа помеѓу друштвото од една страна и ДПТУ МАЛИНА извоз-увоз ДООЕЛ Велес од друга страна чиј сопственик е лицето Румен Смилевски, неизвршен член на Одборот на директори и негов претседател, како и со ДПТУ АГРО-ЕЛИ извоз-увоз ДООЕЛ Велес чиј сопственик е е лицето Горанчо Лазов, актуелен член на Одборот на директори и извршен директор на друштвото.

Со горенаведената одлуката од ден 14.05.2021 година се одобри договорот за деловна соработка бр.03-534 од ден 22.12.2020 година за продажба на производи, суровини и материјали во вкупна вредност од 60.000.000,00 денари без ДДВ за 2020 година со ДПТУ МАЛИНА извоз-увоз ДООЕЛ Велес. По завршувањето на годината утврдено е дека вкупниот промет остварен во 2021 година со ова друштво изнесува 59.392.005,00 денари со пресметан ДДВ, што претставува релативен износ од 7,23 % во однос на вкупната актива на друштвото за 2020 година, од кои 33.061.038,00 денари се од продажба на производи и 26.331.967,00 денари се од набавка на суровини и материјали, вредност утврдена по пазарни критериуми и која соодветствува на пазарните вредности на зделки од ист тип.

Со истата одлука бр.02-196/1 од ден 14.05.2021 година се одобри и договорот за деловна соработка бр.03-533 од ден 21.12.2020 година за продажба и набавка на производи, суровини, материјали и закуп на деловен простор во вкупна вредност од 60.000.000,00 денари без ДДВ за 2021 година со ДПТУ АГРО-ЕЛИ извоз-увоз ДООЕЛ Велес.

По завршувањето на годината утврдено е дека вкупниот промет остварен во 2021 година со ова друштво изнесува 47.638.684,00 денари со пресметан ДДВ, што претставува релативен износ од 5,8 % во однос на вкупната актива на друштвото за 2020 година, од кои 12.294.986,00 денари се од продажба на производи, 34.867.458,00 денари се од набавка на суровини и материјали и 476.240,00 денари се на име закуп на деловен простор, вредност утврдена по пазарни критериуми и која соодветствува на пазарните вредности на зделки од ист тип.

## 7. Надоместоци на раководството

На членовите на на Одбор на директори во 2021 година се исплаќаше паричен надомест согласно одлуката донесена на Собрание на акционери во износ од 10.000,00 денари нето износ месечно.

На извршниот директор Горанчо Лазов, вработен во друштвото на име надомест согласно менаџерскиот договор за 2021 година исплатено му е бруто износ од 6.388.676,00 денари, а нето износ од 4.149.986,00 денари. Исто така на име премија за менаџерско осигурување која произлегува од менаџерскиот договор од Триглав АД Скопје за 2021 година исплатен му е износ од 586.910,00 денари, додека пак по основ на членување во органот на управување во Пакомак ДОО Скопје на извршниот директор за 2021 година му е исплатен надомест во нето износ од 120.000,00 денари.

На Софија Лазова исто така вработена во друштвото, во 2021 година и е исплатен бруто износ од 402.613,00 денари, а нето износ од 271.016,00 денари.

На Румен Смилевски кој е вработен во ДПТУ МАЛИНА извоз-увоз ДООЕЛ Велес во 2021 година му е исплатен бруто износ од 419.562,00 денари, а нето износ од 282.000,00 денари.

## 8. Производство и продажба

Во тек на 2021 година беше остварена следната реализација на готови производи по групи производи како што е прикажано во следната табела:

| | **Остварено/план** | | | **2021/2020** | | **извоз** | | | **Домашен пазар** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Во 000 л/тони** | **Оства. 2021** | **план** | **%** | **Оства. 2020** | **%** | **2021** | **2020** | **%** | **2021** | **2020** | **%** |
| **Масло за јадење** | **5160** | **6000** | **86** | **5832** | **88** | **12** | **536** | **2** | **5149** | **5297** | **97** |
| **Оцет** | **851** | **900** | **95** | **746** | **114** | **187** | **173** | **108** | **664** | **574** | **116** |
| **Маргарин** | **2321** | **2050** | **113** | **2106** | **110** | **362** | **254** | **143** | **1959** | **1852** | **106** |
| **Кондиторија** | **275** | **211** | **112** | **210** | **112** | **28** | **6** | **20** | **208** | **204** | **102** |
| **Ќоспе** | **3257** | | | **5452** | **60** | | | | **3257** | **5452** | **60** |
| **Масна кис.сонч.** | **472** | **350** | **135** | **430** | **110** | **414** | **390** | **106** | **58** | **40** | **145** |

**Застапеност на масло за јадење на домашен пазар 20%**

Остварена е реализација на ќоспе-сончогледово и тоа 2.673 т. рефус и 413 т. во вреќи.
Од соја ќоспе 149 т. рефус и 20 т. во вреќи.
Реализацијата на суровото масло е 22 тони. Извозот е во вредност од 45.382.000,00 денари (45.382 милиони денари) или 6 % од вкупната реализација. Производството ја следеле динамиката на реализација на готовите производи и соодветно на тоа има приближно исти количини на произведени готови производи.
Маркетинг активностите во 2021 година имаа за цел да ја зголемат продажбата на нашите производи: учество на флаери во речиси сите маркети со кои имаме директна соработка, ажурирање на веб страната на друштвото, организирани акции со гратис производи, активности на три профили на компанијата и социјалните медиуми како и честа посета на продажните објекти заради утврдување на состојбата на нашите производи во однос на конкуренцијата: цената, застапеноста, позицијата и учеството на пазарот.За сите овие ак.тивности потрошени се 2.778.533,00 денари.

Од целокупните маркетинг активности и понатаму се потврдува потртебата од почеста посета на сите продажни објекти заради следново:
-поголема застапеност на целокупната наша производна програма;

-утврдување на состојбата и позиционирањето на сите наши производи и
-учество во флаери, промоции, презентации и сл.

## 9. Вкупен приход, утврдување и распоредување на добивката

**Финансиски резултат во 2021 година**

| | 2021година | 2020 година | % |
|---|---|---|---|
| Вкупен приход | 806.420.297,00 | 669.469.248,00 | 120 |
| Вкупни расходи | 778.819.382,00 | 653.146.677,00 | 119 |
| Загуба | | | |
| Добивка пред оданоч. | 27.600.915,00 | 16.322.571,00 | 69 |
| Данок од добивка | 1.104.399,00 | 1.688.689,00 | |
| Доб./заг.по оданочување | 26.496.516,00 | 14.633.882,00 | 81 |

Од напред наведената табела може да се утврди дека вкупните приходи во однос на приходите во 2020 година се зголемени за 20%, а исто така и вкупните расходи во однос на расходите од минатата година се зголемени за 19%. Во однос на претходната година може да се заклучи дека зголемувањето на приходите е поголемо за 1 % во однос на зголемувањето на трошоците.

## 2.Структура на вкупниот приход

| Приходи | 2021 година | 2020 година | %2021 | %2020 |
|---|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 746.996.134,00 | 664.874.380,00 | 92,63 | 99,32 |
| Останати дел.приходи | 2.232.120,00 | 4.433.314,00 | 0,28 | 0,66 |
| Приходи од вложувања | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Финансиски приходи | 164.808,00 | 161.554,00 | 0,02 | 0,02 |
| Залиха на гот.производи | 57.027.235,00 | 0 | 7,07 | 0 |
| **Вкупно :** | **806.420.297,00** | **669.469.248,00** | **100,00** | **100,00** |

Од напред наведената табела може да се утврди дека структурата на приходите во оваа година се разликува од структурата на приходите од минатата година. Имено, приходите од продажба во вкупните приходи учествуваат со 99,63%, што е помалку во однос на лани

за 6,69%. Во 2021 година залихата на готови производи е поголема во однос на почетната и затоа ќе ги зголеми приходите, па нивното учество во вкупните приходи изнесува 7,07%.

## 3. Структура на вкупните расходи

| Расходи | 2021година | 2020година | %2021 | %2020 |
|---|---|---|---|---|
| Материјални трошоци | 661.476.628,00 | 513.632.002,00 | 84,93 | 78,64 |
| Трошоци за плата | 65.369.842,00 | 61.419.220,00 | 8,40 | 9,40 |
| Амортизација | 30.105.459,00 | 27.465.137,00 | 3,87 | 4,21 |
| Останати трошоци | 13.736.285,00 | 15.488.390,00 | 1,76 | 2,37 |
| Камати и курсни разлики | 8.131.168,00 | 12.445.265,00 | 1,04 | 1,91 |
| Залиха на готови п-ди | 0 | 22.696.663,00 | | 3,47 |
| **Вкупно :** | **778.819.382,00** | **653.146.677,00** | **100,00** | **100,00** |

Од напред наведената табела може да се утврди дека од вкупните трошоци 84,93% отпаѓа на материјалните трошоци, што е за 6,29% повеќе во однос на претходната година, додека пак кај сите останати трошоци нивното учество во вкупните трошоци е намалено во однос на претходната година.
Оваа година е остварена добивка во износ од 27.600.915,00 денари, обврска за данок на добивка изнесува 1.104.399,00 денари и вкупната добивка по оданочување за 2021 година изнесува 26.496.516,00 денари.

## 10.Број на вработени

Бројот на вработени со состојба на ден 31.12.2021 година во друштвото изнесува 155. Структурата по степен на образование на вработените е следна:
-26 вработени со висока стручна спрема (ВСС);
-3 вработени со виша стручна спрема (ВШС);
-112 вработени со средна стручна спрема (ССС) и
-14 вработени со основно образование.

## 11. Развој

Развојните активности во друштвото секогаш се во насока на постојано подобрување на технолошките процеси во производството на постојните производи, како и постојано водење на грижа за животната средина.
Во 2021 година се отпочна со инвестирање во фотоволтаична централа со цел да се обезбеди електрична енергија од обновливи извори на енергија, во конкретниот случај со искористување на сончевите зраци. Оваа инвестиција ќе придонесе за заштеда на парични средства наменети за купување на електрична енергија, бидејќи ќе биде од сопствено

производство, а со овој вид на производство, друштвото ќе придонесе и за зачувување и заштита на животната средина. Крајниот рок за реализација на оваа инвестиција е месец јуни 2022 година.
Во погонот Енергетика во текот на оваа 2022 година се планира да се интервенира во системот за догревање на напојна вода, односно во резервоарот со вградување на инјектор за пареа и опционално со т.н дегазатор за отстранување на гасови од кондензатот што се создава во процесот.
Со ова ќе се овозможи нормална работа на котлите ДБК-100 и ДБК-50, ќе се спречи корозијата на инсталациите и цевководите и ќе се придонесе за намалување на топлинските загуби.
Крајниот рок за реализација на оваа инвестиција е месец октомври 2022 година.
Исто така во погонот Енергетика се планира да се изврши промена на пламените цевки во пределот на т.н.предна чадна комора на котелот ДБК-100, а се со цел да се спречат дефекти и несакани ситуации. Крајниот рок за реализација на оваа инвестиција е месец мај 2022 година.
Во погонот Силоси уште во текот на 2021 година се отпочна со набавка и вградување на сонди или силотермометри за следење на внатрешната температура во иститe, односно на ускладиштениот материјал (сончоглед, ќоспе и сл.) и тоа во 5 силоси за сончоглед. Се работи за сонди со сензори на 5 нивоа со т.н. LC систем. Со употребата на овој систем значајно се смалува елевирањето со што се подобрува енергетскиот биланс (заштита на ел. Енергија) и квалитетот на материјалот (се намалува кршењето на зрната), а со тоа се заштитува и опремата од абење. Исто така се избегнува непотребна фумигација и се намалува опасноста од самозапалување и експлозија.
Покрај во овие наведени 5 силоси потребно е да се стават сонди на останатите силоси кои ги користиме со најголема фреквенција, а тоа се на уште 10 силоси во делот за прием на сончоглед и 7 во делот за чување на нус производот при преработка на семето, а тоа е сточната храна – ќоспе со цел избегнување на фумигација и опасност од самозапалување.
Краен рок за реализирање на оваа инвестиција е месец септември 2022 година.
Во погонот Точилна се планира да се изврши замена на стариот со нов компресор бидејќи при извршениот редовен сервис се утврди дека неговата понатамошна употреба ќе ја намали неговата стабилност и ефикасност, а со тоа ќе се зголеми и потрошувачката на енергија. Со тоа би се заштедиле и средства на долг рок. Во секој случај стариот компресор се планира да остане како резерва доколку се инвестира во уште една машина за дување на ПЕТ амбалажа. Крајниот рок за реализација на оваа инвестиција е месец април 2022 година.
Во погонот Екстракција се планира во текот на оваа 2022 година да се изврши замена на постојната колона за испарување на масло-т.н.третостепен испарувач со цел да спречи опасност од кондензирање на маслото и формирање на емулзија. Со замената на овој испарувач се обезбедуваат повеќе придобивки и тоа:
-Подобро греење на маслото
-Постигнување на посакуваната температура и
-Избегнување на несакани појави.
Крајниот рок за реализација на оваа инвестиција е месец декември 2022 година.
Во погонот Маргаринско е отпочнат процес на производство на нов маргарин за печено бисквитно тесто во единечно пакување од 5 кг. За целосна реализација на оваа инвестиција е потребно да се изработи нова дозревна цевка и дозатор за маргарин за

пакување во блок од 5 кг. Со производството на овој вид на маргарин се овозможуваат повеќе придобивки како:
Проширен асортиман на маргарини
Зголемено вкупно производство на маргарини
Освоени нови купувачи и влез во кондиторската индустрија.
Крајниот рок за завршување на оваа инвестиција е месец јули 2022 година.
Во погонот Рафинерија и во 2022 година е во план набавка на нов и замена на постоечкиот дезодоризатор со оглед дека истиот е во редовна работа уште од 1975 година и е во голема мера амортизиран-дотрајан. Велам и во оваа деловна 2022 година зашто оваа инвестиција е планирана уште од 2017 година (била планирана да се заврши во периодот март-мај 2017 година) но, поради имотно-правни и административно-правни пречки кои не зависат од нашето друштво, оваа инвестиција се уште не е завршена, иако е многу важна во процесот на производството во нашето друштво. Инаку се работи за мошне сложена операција која подразбира промени во сите делови од овој погон, а пред се потребно е да се да се проектираат и направат локациски измени за воздушни компресори, пароводни линии и резервоари за сместување на готово рафинирано масло.
Придобивките од реализацијата на оваа инвестиција би биле повеќекратни и тоа:
-Намалени производни трошоци – заштеда на топлотна енергија,
-Заштеда на свежа вода – намалени трошоци за дотур и одвод на Вардарска вода,
-Намалување на количина на отпадна технолошка вода, односно намалување на загадувањето на животрната средина – заштита на животна средина,
-Зголемено дневно производство на рафинирано масло и
-Намалени застои поради работа со стара опрема.
Во оваа деловна 2022 година се планира и реализација на инвестиција која се однесува на замена на постоечкиот паровод со нов. Поконкретно треба да се промени системот-линијата од цевки низ кои мине пареа која доаѓа од Котелот па се разнесува преку тој систем до сите погони кои имаат потреба од греење. Сето ова поради амортизираност на постојниот систем-линии кој на повеќе места е дотрајан, нема изолација, па доаѓа до губење на топлината.
Со замена на старите со нови линии за пренос на технолошката пареа, ќе имаме значително подобрување на работата на котелот со помал притисок и оптоварување, намалена загуба на топлината низ линиите кои се дотрајани, а со тоа и подобар технолошки процес. Оваа задача беше планирана за реализација од декември 2021 година, но е одложена за декември 2022 година поради варијабилноста на материјалите согласно COVID состојбата.
Понатаму како дел од развојаната програма или политика на друштвото е и планот да се изврши замена на патос на еден вертикален резервоар за масло кој е со волумен **$V=2000m^3$.**
Ова од причина што резервоарот моментално е во неисправна состојба, а со замената на патосот кој ќе биде комплетно испитан на непропустливост и со поставување на конусно дно за полесна манипулација и чистење, би се овозможило зголемен капацитет за чување на отслузено масло. И оваа инвестиција беше планирана за реализација од декември 2021 година, но е одложена за декември 2022 година поради варијабилноста на материјалите согласно COVID состојбата.
Во погонот Припрема во текот на оваа деловна 2022 година е планирано да се изврши реконструкција на постоечки кров, односно да се направи демонтажа и монтажа на

кровната конструкција на погон Припрема. Оваа инвестиција е потребна пред се заради превентивна заштита од временските услови и заштита на ел.инсталација во самиот погон, а со реконструкцијата на кровот ќе се обезбеди стабилен и обновен кров со можност за поставување и на соларните панели на неговата површина. Во моментот на изработката на овој извештај, оваа инвестиција е целосно завршена. Инаку истата беше планирана да се заврши до месец февруари 2022.
И конечно покрај сето ова во текот на 2022 година се планира да се изврши и комплетен ремонт на т.н.Долна трафостаница (онаа во правец спрема поранешен Жито Вардар АД Велес), а поради застареност на истата, со што би се замениле дотрајаните елементи и би се овозможила заштита на дистрибутивниот систем за електрична енергија. Крајниот рок за реализација на оваа инвестиција е до крајот на месец декември 2022 година.
Менаџерскиот тим на друштвото ќе продолжи и во наредниот период со своите активности за подобрување на позицијата на друштвото на пазарот и на крај остварување профит на друштвото со што би биле задоволни и акционерите и вработените во друштвото.

## 12. Изјава за примена на Кодексот за корпоративно управување

Согласно член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва (Службен весник бр.290/2020), Одборот на директори на ПИ КРИСТАЛ 1923 АД – Велес како орган на управување во друштвото ја дава следнава

**ИЗЈАВА**
**ЗА ПРИМЕНА НА КОДЕКС НА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ ВО ПИ КРИСТАЛ 1923 АД – Велес**

Со оваа изјава Одборот на директори на ПИ КРИСТАЛ 1923 АД – Велес известува дека има донесено Кодекс за корпоративно управување на друштвото на ден 16.02.2021 година, дека тој кодекс го применува и дека истиот е објавен на огласната табла на друштвото и на официјалната веб страна на друштвото, со што текстот на кодексот е јавно достапен.

Воедно се известува дека друштвото врши примена на корпоративното управување согласно одредбите на кодексот и согласно одредбите на законот за трговските друштва, а отстапувања од правилата утврдени со кодексот на корпоративно управување не постојат во ова трговско друштво,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОР** **ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР**

**Румен Смилевски** **Горанчо Лазов**